ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ОКТОМВРИ 2020

ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ВО МАКЕДОНИЈА

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Зголемување на продуктивноста преку подобрување на законската рамка за работните односи во Северна Македонија", финансиран од Фондот за добро владеење на Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Издавач:

Хелсиншкиот комитет за човекови права, претставуван од

Претседателот на Управниот одбор, проф. д-р Гордан Калајџиев

Уредник:

Уранија Пировска

Лектор:

Роберт Раман

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73:[616.98:578.834(497.7)"2020"(047)\\ .

ПОСЕБЕН извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19 / [уредник Уранија Пировска]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2020. - 33 стр. : илустр. ; 26 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4790-73-0

а) Човекови права - Ковид-19 - Македонија - 2020 - Извештаи
COBISS.MK-ID 52114437

СОДРЖИНА

6

ВОВЕД

8

РАБОТНИЧКИ ПРАВА

9 Отпуштање на цели групи работници и наметнати спогодби
10 Мерките на Владата беа тешко остварливи во пракса
11 Родовата димензија на работничката криза
12 Уредби за примена на Законот за работните односи
13 Текстилни работнички
14 Ефикасноста на Државниот инспекторат за труд
14 Преземање мерки за заштита на работниците

16

СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

20

РАНЛИВИ ГРУПИ

20 Лица во социјален ризик
22 Заштита на деца – остварување контакт со родител
23 Бездомни лица
23 Стари лица

25

ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

25 Повеќекратна ранливост
26 Слободно движење
27 Помош и поддршка
27 (Не)инклузивно образование

29

ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА

32

ЛГБТ ЗАЕДНИЦА

35

ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ

35 Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
36 Агенција за вработување на Република Северна Македонија
37 Управа за извршување на санкциите



ВОВЕД

Пандемијата на вирусот КОВИД-19 предизвика глобални ефекти со размери неспоредливи со кој било друг настан во човековата историја. Брзорастечката здравствена криза, која ги погоди речиси сите држави во светот, предизвикува несогледливи економски и социјални последици, од кои човештвото допрва ќе закрепнува. Со оглед на сериозноста и неизвесниот тек на настаните, голем број влади, меѓу кои и нашата, сметаа дека е неминовно прогласувањето вонредна состојба заради целисходно справување со опасноста и штетите од новиот коронавирус. А бидејќи во време на вонредна состојба Владата може да презема активности надвор од рамките на она што би било дозволено во нормални околности, тоа значеше и аларм за зголемена будност на бранителите на човекови права.

Откако на 18 март 2020 година Претседателот на Република Северна Македонија го потпиша указот за прогласување вонредна состојба, Хелсиншкиот комитет јавно укажа дека вонредната состојба во никој случај не смее да претставува изговор за надлежните органи да ги кршат човековите права.

Комитетот нагласи дека мерките кои ќе се преземаат не смеат да отстапуваат од обврската за заштита на најранливите категории граѓани, а човековите права и слободи мора да бидат земени предвид. За времетраењето на вонредната состојба, државата не смее произволно да го спречува уживањето на човековите права или, пак, произволно да ги ограничува човековите слободи, за чие обезбедување и заштита е одговорна. Хелсиншкиот комитет исто така предупреди дека согласно со домашните и меѓународните стандарди, ограничувањето на правата и слободите во никој случај не смее да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Произволното интервенирање би било спротивно на јавниот интерес и општото добро, а уредбите со законска сила кои ги носи Владата би биле спротивни на меѓународното право.

Уште пред прогласувањето на вонредната состојба, Хелсиншкиот комитет ја реорганизираше својата работа согласно

препораките за превенција на Министерството за здравство.
Овозможивме непречено одвивање на услугата за бесплатна правна помош за граѓаните преку телефон и електронска пошта, оставајќи можност и за директни средби во итни случаи. А со оглед дека ограничувањето на слободата на движење и економската криза значеше и неизбежен удар врз човековите права,

Комитетот се фокусираше на мониторингот на работничките права, правата на ранливите и маргинализираните групи граѓани, како и на лицата кои се лишени од слобода во време на пандемија. Покрај тоа, организацијата беше континуирано активна и преку мрежите во кои членува, а во изминатиот период ги поддржа и заедничките иницијативи за заштита на работниците.



Овој извештај се базира на податоците коишто Комитетот ги евидентира при секојдневната комуникација со граѓани кои се обраќаат за правна помош, на анализата на ефектите од донесените владини уредби во овој кризен период, како и на редовното набљудување на состојбата во поединечни области.

Здравствената криза е далеку од окончана, а економско-социјалната ќе се засилува со секој изминат ден на неизвесност и наметнати ограничувања. Оттука, се надеваме дека овој специјален извештај ќе послужи како ориентир во понатамошното дејствување на носителите на одлуки затоа што прецизно одредува чии права најмногу настрадаа во изминатиот критичен период и каде треба итно и ефикасно да се интервенира за да се превенираат понатамошни штети.

РАБОТНИЧКИ ПРАВА

Коронавирусот предизвика здравствена, но и работничка криза. Работничките и работниците беа први на удар по прогласувањето на вонредната состојба поради справувањето со последиците од коронавирусот. Кризната состојба за нив значеше борба за зачувување на своето и на здравјето на најблиските, но и борба за спас на својата егзистенција.

Веднаш по прогласувањето на вонредната состојба, бевме сведоци на груби прекршувања на работничките права, чиј број секојдневно се зголемуваше. Хелсиншкиот комитет за време на кризната состојба непрекинато продолжи да им обезбедува бесплатна правна помош на сите работници.

Во периодот од 10 март до 15 мај, до Комитетот беа пријавени 152 случаи на повреда на правата од работен однос,[1] кои засегаа 2481 работник.[2]

1 Описот на случаите, поделен во четири периодични извештаи во форма на инфографик на две недели, е достапен на следниот линк: https://mhc.org.mk/speczijalni-izveshtai/.
2 Опфатот на работници се дефинира врз основа на бројот на вработени кои се засегнати со пријавеното прекршување.

Отпуштање на цели групи работници и наметнати спогодби

Работодавачите веднаш започнаа со масовни отпуштања на работниците, односно откажувања на нивните договори за вработување, а до нашата организација беа пријавени **37** такви случаи, кои се однесуваа на приближно **453** работници.[3] Намалениот обем на работа беше причина некои од работодавачите, без воопшто да ги известат работниците, да им ги откажат договорите за вработување од деловни причини. Во неколку случаи на работниците им беше само усно соопштено да не доаѓаат на работа, без да им биде доставен писмен отказ.

Онаму каде можеа, работодавачите влијаеја врз работниците да потпишат спогодби за раскинување на нивните договори. На некои од нив, договорите им беа раскинати со фалсификување или искористување на нивните потписи, претходно ставени на бланко листови. Недоброволно, **321** работник во **35** случаи потпишаа спогодби за прекин на својот работен однос. На овој начин, ним им беше оневозможен каков било пристап до заштитен механизам и тие останаа да се борат за „гола“ егзистенција на маргините на општеството.

Понатаму, за да се избегне користењето на заштитните правни механизми во случај на отказ, чести беа и пријавите за случаи кога одредени работодавачи им нудат на работници, вработени на неопределено работно време, да потпишат нови договори на определено време. Оние, пак, кои веќе беа во работен однос со склучени договори за вработување на определено време, беа едни од најнезаштитените работници. Во **12** случаи, нивните договори за вработување не беа продолжени, вклучувајќи ги тука и бремените работнички, кои поради новонастанатата ситуација го изгубија и правото на користење на породилно отсуство.

Потешкотиите во работењето, а особено во секторите како угостителство, туризам, производство на облека и обувки, трговија и слично, беа причина платите на илјадници работници да бидат намалени, а на некои од нив, воопшто да не им бидат исплатени. Само во Комитетот беа регистрирани **24 вакви** случаи, кои опфатија речиси **702** работници.

3 Добиените податоци се сублимат од периодичните извештаи кои ќе бидат предмет на подетална анализа подолу во текстот.

Мерките на Владата беа тешко остварливи во пракса

Не беа поштедени ниту оние работници кои беа ослободени од работни обврски согласно мерките на Владата.[4] Хронично болните, бремените работнички и родителите на деца до 10 годишна возраст, кои беа ослободени од работни обврски, се соочуваа со 50 % намалени плати. Покрај тоа, Комитетот регистрираше и случаи во кои работодавачите воопшто не ги ослободуваа од работни обврски работниците кои спаѓаат во оваа категорија.

Голем дел од работодавачите не ги почитуваа мерките и препораките на Владата и на Министерството за здравство за превенција и заштита од коронавирусот. Особено незаштитени и загрозени беа работниците во првата борбена линија против вирусот, работниците во супермаркетите, продавачите и продавачките. Работодавачите не им обезбедија соодветна заштитна опрема, па тие ги остварува своите работни задачи изложувајќи се на сериозен ризик за своето здравје и живот. Притоа, тие не добија зголемување на платите соодветно на зголемениот ризик на работното место. Комитетот регистрираше вакви прекршувања во 19 случаи, кои опфатија приближно 1018 работници.

Најкритични беа првите две недели по прогласувањето на вонредната состојба, кога беа регистрирани најголем број на прекршувања на работничките права, односно **60** случаи кои опфатија приближно **1554** работници.[5] Во месец мај, бројот на пријавени случаи се намали на **12**. Периодот кога беа регистрирани најмногу прекршувања, од 10 до 31 март, **375** работници беа отпуштени од работа, за разлика од првата половина од месец април кога од работа беа отпуштени **67** работници.[6]

4 Категориите на работници кои беа ослободени од работни обврски согласно мерките на Владата се достапни на следниот линк: https://koronavirus.gov.mk/merki/mtsp.

5 Двонеделен извештај за состојбата со работничките права во време на коронавирусот за периодот од 10 до 31 март 2020 година, достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/1-infographic-mkd.pdf.

6 Двонеделен извештај за состојбата со работничките права во време на коронавирусот за периодот од 1 до 14 април 2020 година, достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/2_

средината на мај беа регистрирани вкупно **11** отпуштени работници.[7] Се намали и бројот на принудни спогодбени раскинувања на договорите за вработување и додека во март **53** работници против своја волја пријавија дека потпишале вакви спогодби, веќе во мај овој број се намали на **3** работници. Истиот тренд важи и за прекршувањето на мерките на Владата и Министерството за здравство, пријави кои опаднаа од опфат на **1007** работници на случај од само **1** работник. Опаѓањето на броевите најверојатно се должи на големиот притисок од јавноста, синдикатите и граѓанскиот сектор. Сепак, големо влијание имаше и работењето на Државниот инспекторат за труд кој иако имаше особено зголемен обем на работа, покажа професионализам и ефикасност во спроведувањето на инспекциските надзори кај работодавачите и во поглед на утврдувањето повреди на работничките права.

Единствено, како што изминуваше времето, трендот на намалувањето или неисплата на платите продолжи да се зголемува. Додека во првите недели беа регистрирани вкупно **3** пријави за такви прекршувања, со опфат на приближно **102** работници, во втората половина на април овој број се зголеми и изнесуваше **538** работници. Ваквите прекршувања на работничките права, работодавачите ги оправдуваа, незаконски повикувајќи се на институтот „виша сила".

Родовата димензија на работничката криза

Речиси две третини од сите случаи се жени работнички, поради што не можеме, а да не констатираме дека кризата доби родова димензија. Тоа се должи на фактот што најголем дел од вработените во секторите кои беа најпогодени од кризата како угостителството, продавниците за облека и обувки и фризерските и козметичките салони, се жени.[8] Неизбежно е да се наведе и фактот што жените почесто засноваат работен однос со договор за вработување на определено време, за разлика од мажите, па поради кризата, во голем дел нивните договори не беа продолжени од страна на работодавачите.[9]

Хелсиншкиот комитет постојано апелираше и ги советуваше работниците да не потпишуваат спогодби за раскинување на договорите за вработување, а на оние работници кои добија писмени откази, Комитетот им помогна во поднесување приговори до работодавачите. Работниците беа советувани во случај на прекршување на нивните права да ги користат заштитните механизми како Државниот инспекторат за труд, а во еден случај Комитетот ги советуваше за можноста за поднесување кривична пријава против работодавачот поради повреда на правата од работен однос. Покрај ова, на работниците им беа појаснувани мерките и препораките донесени од страна на Владата, а едно од најчестите прашања се однесуваше за условите и начинот на остварување на правото на паричен надоместок во случај на невработеност.

infographic_mk-1.pdf.

7 Двонеделен извештај за состојбата со работничките права во време на коронавирусот за периодот од 15 до 28 април 2020 година, достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/info-3-mk.pdf и за периодот од 29 април до 15 мај, достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/infografik4-mk.pdf.

8 Податоците покажуваат дека има повеќе вработено жени во категоријата „Други услужни дејности" отколку мажи. Државен завод за статистика, МАКСтат-база на податоци „Вработени според работниот однос, по НКД Рев. 2, по пол, по години".

9 Во 2018, 28 % од жените биле со склучени договори за вработување на определено време, за разлика од мажите кои во 23,9 % од случаите имале такви договори. Извор: Државен завод за статистика, МАКСтат-база на податоци „Вработени според работниот однос, по НКД Рев. 2, по пол, по години".

Уредби за примена на Законот за работните односи

За време на вонредната состојба, Владата на Република Северна Македонија донесе две уредби со законска сила за примена на Законот за работните односи.

Првата Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредната состојба беше донесена на 02.04.2020 година. Со оваа Уредба се продолжи рокот за враќање на работниците на работа во случаи кога работниците биле спречени или не можеле да ја вршат работата во случаи предвидени со закон, како на пример работниците кои користеле боледување. Уредбата го измени и користењето на одморот на работниците во приватниот сектор опфатени со времените мерки за заштита и ширење од КОВИД-19. Согласно промените, опфатените работници ќе треба неискористениот годишен одмор за 2019 година да го искористат до крајот на мај 2020 година, а делот од годишниот одмор за 2020 година во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат до крајот на јуни 2020 година. Последната значајна одредба од оваа уредба пропишува дека отсуството од работа на работничка поради бременост, раѓање и родителство и посвојување продолжува да тече, а надоместокот на плата продолжува да се исплаќа до истекот на траењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција од КОВИД-19.

Втората Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за работните односи за време на вонредна состојба беше донесена на 01.05.2020 година. Со оваа уредба се пропишува враќањето на работа на работниците кои биле одјавени од системот на задолжително социјално осигурување од работодавачите. Со ова се дава можност за склучување спогодба помеѓу работодавачите и работниците одјавени од задолжително социјално осигурување во периодот од 11.03.2020 година до 30.04.2020 година за враќање на работа. Уредбата ја пропишува и постапката за склучување на спогодбата, враќањето на одјавените работници во системот на задолжително социјално осигурување и нивно регистрирање во Агенцијата за вработување.

Текстилни работнички

Со воведувањето на вонредната состојба и донесувањето на новите мерки и уредби кои се однесуваат на работничките права и уредувањето на работниот процес, меѓу текстилните работнички владееше голем страв од ширењето на вирусот. Преку параправната помош секојдневно беа регистрирани пријави од текстилните работнички кои изразуваа револт поради тоа што сметаа дека се дискриминирани бидејќи во другите сектори започна процесот на воведување работа од дома. Додека најголем дел од фирмите го скратуваа работното време и преземаа заштитни мерки за работниците, текстилните работнички останаа изложени на зголемена опасност од ширење на вирусот во погоните за производство во кои на почетокот на вонредната состојба немаше промени ниту засилени мерки за заштита. Ова се однесуваше и на автобусите и превозот на работничките до работа.

На почетокот на вонредната состојба немаше посебна уредба и мерки за регулирање на работниот процес во производствените погони, па работниците и работодавачите се соочуваа со проблем од недостиг на информации. Неколку од дилемите што се појавија беа во однос на тоа дали работниците треба да носат маски на работните места, дали и како да се врши дезинфекција во погоните за производство, како да се организира работниот процес и слично. Од тие причини, Хелсиншкиот комитет со здружението Гласен Текстилец на 17.03.2020 година одржа координативен состанок на локално ниво со градоначалникот на Штип, Благој Бочварски, работодавачи од повеќе конфекции превозници, претставници на Државниот санитарен и здравствен инспектор (ДСЗИ) и Директорката на Центарот за јавно здравје (ЦЈЗ) на кој беа презентирани проблемите со кои се соочуваат и работничките и работодавачите. На средбата беа дадени предлог-мерки од страна на претставници од ДСЗИ и ЦЈЗ кои треба да се преземат од страна на работодавачите и беше договорено градоначалникот да побара да се изготват унифицирани насоки и мерки кои секој работодавач во приватниот сектор треба да ги преземе на работното место. Непосредно по оваа средба, на седница на Владата беа донесени заклучоци и мерки за начинот на организација на работниот процес и заштитни мерки кои треба да се преземат на работното место.

Во текот на месеците март и април, Хелсиншкиот комитет регистрираше зголемен обем на прекршувања на работничките права на текстилните работнички. Во овие два месеци беа регистрирани 146 случаи на прекршувања на работничките права. Најголем дел од прекршувањата беа во однос на несоодветно организиран превоз, каде во автобусите се возеа непрописно голем број работнички без редуциран број на патници и соодветна оддалеченост, несоодветна оддалеченост во погоните за производство и принудни „спогодби“ за раскин на договорите за вработување. На голем број работнички вработени на определено време не им беше продолжен договорот за вработување поради што имаа потреба од правна помош за остварување право на надомест за време на невработеност. Хронично болните лица не беа ослободувани од работа и исто така имаа потреба од правна помош за барањето и начинот на доставување на соодветна документација кај работодавачот за да бидат ослободени од работа.

Ефикасноста на Државниот инспекторат за труд

За времетраење на вонредната состојба, Хелсиншкиот комитет поднесе 15 барања за вонреден инспекциски надзор за кршење на работничките права на текстилните работнички и тоа:

» 6 барања за вонреден инспекциски надзор за необезбедување организиран превоз за работа во полициски час согласно мерките на Владата, необезбедување дистанца од 2 метри на работно место и недезинфицирање на работниот простор;

» 4 барања за вонреден инспекциски надзор за исплата на пониска плата од законски утврдената;

» 1 барање за вонреден инспекциски надзор за непочитување на препораките на Владата за ослободување од работа на еден родител на дете под 10 години;

» 1 барање за вонреден инспекциски надзор за колективни откази;

» 1 барање за вонреден инспекциски надзор за потпишување бланко решенија за одмор;

» 1 барање за вонреден инспекциски надзор за непријавена работа на државен празник и

» 1 барање за вонреден инспекциски надзор за неисплатени плати.

По 14 од поднесените барања за вонреден инспекциски надзор, Државниот инспекторат за труд утврдил прекршувања на работничките права и му наложил на работодавачот истите да ги отстрани, а за 1 од иницираните постапки сè уште немаме одговор.

Преземање мерки за заштита на работниците

Хелсиншкиот комитет уште на 21 март 2020 година побара итно да се преземат мерки против отпуштања од работа додека трае кризата затоа што на терен веќе постоеја силни индикации дека одредени работодавачи ја злоупотребуваат вонредната состојба.[10] Се остварија најавите за откажување на договорите за вработување на цели групи вработени лица или значителни намалувања на платите и многу работници останаа без приходот со кој ги обезбедуваат основните потреби. Од тие причини, Хелсиншкиот комитет заедно со десетина синдикати и граѓански организации, достави сет барања до Владата и конкретни предлози како секое од овие барања може лесно да се реализира.[11]

Мерките на Владата во целиот период се чинеа како задоцнети и декларативната заштита на

10 Достапно на: https://mhc.org.mk/news/itno-da-se-prezemat-merki-protiv-otpushtanja-od-rabota-dodeka-trae-krizata/.
11 Достапно на: https://mhc.org.mk/news/baranja-do-vladata-za-zashtita-na-rabotnicite-i-siromashnite/.

работничките права во пракса често се пресликуваше во неефикасни мерки и контрадикторни политики за справување со кризата врз пазарот на трудот. Таков беше и примерот со процесот на измена и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор во насока на давање можност на работодавачите кои користат финансиска помош од државата да отпуштаат вработени. Тогаш се покажа дека Владата на Република Северна Македонија не само што немаше слух за предложените барање, туку сосема спротивно, значително ја влоши ситуацијата со повторно менување на Уредбата. На 29.04.2020 година, министерката за финансии, Нина Ангеловска, соопшти дека ќе им биде дозволено на фирмите кои користат државна финансиска поддршка за исплата на плати да отпуштат до 15 % од нивните вработени. Хелсиншкиот комитет, заедно со повеќе синдикати и здруженија на граѓан(к)и кои се борат и залагаат за работничките права и за достоинствен живот на работниците, најостро се спротивстави и ја осуди таквата најава на Министерската за финансии и Владата на Република Северна Македонија. Ваквата промена беше особено сомнителна поради тоа што Владата веќе еднаш претходно ја смени оваа Уредба, скратувајќи го рокот за неотпуштање работници од септември, на јули, односно, за два месеци.

На крајот, застапувањето беше успешно затоа што Владата ја повлече одредбата и предложи нови промени, усогласени со синдикатите и граѓанските здруженија за заштита на работничките права. Согласно сегашната формулација на таа Уредба, се утврдува дека работодавачот кој ќе користи финансиска поддршка за исплата на плати, не смее да има намален број на вработени во месеците април и мај 2020 година, како и два месеци потоа, заклучно со месец јули 2020 година.

Конечно, Владата при презентирањето на третиот економски пакет, ја презентираше мерката „Паричен надоместок за сите лица кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020“ како усогласување со барањата на синдикатите и граѓанските здруженија. Хелсиншкиот комитет, заедно со повеќе граѓански организации и синдикати, уште од почетокот на здравствената криза укажуваше на бројните злоупотреби на „спогодбените“ раскинувања на договорите за вработување и изнудените изјави за престанок на работниот однос од страна на работниците. Поради тоа, многу работници и нивните семејства беа оставени без никакви примања и без можности за ново вработување за време на вонредната состојба. Со оваа мерка, сите лица кои ја изгубиле својата работа, вклучувајќи ги и оние кои го прекинале својот работен однос преку писмена изјава, спогодбено или добиле отказ од работодавачот, ќе добиваат паричен надоместок од Агенцијата за вработување и тоа е несомнено добар почеток. Со надоместокот се опфаќаат најмалку 8000 работници чијашто егзистенција беше сериозно загрозена затоа што беа оставени без единствениот основ по којшто остваруваат примања.

Сепак, Владата не го испочитува договорот кој беше постигнат на состанокот на 30 април, кога се направи договори овие лица да бидат опфатени со системското решение за осигурување во случај на невработеност, односно, да добиваат надоместок во временски период кој зависи од нивниот стаж, а не само од 2 месеца. Со тоа што Владата не остана на зборот и ретерираше од првичната одлука покажа колку ги почитува работничките и работниците и синдикатите како нивни застапници. Во наредниот период очекуваме Владата да ја усогласи и оваа мерка со логиката која стои зад Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и временскиот период на осигурување да го усогласи со работниот стаж, наместо со паушално одреден рок од два месеци за сите работници без разлика на нивниот стаж.

СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Предупредувањата за ризикот од зголемување на случаите на семејно насилство, во услови на кризна состојба од големи размери, започнаа уште во март. И покрај тоа што не постоеја доволно официјални податоци за овој релативно краток период, првичните статистики од земјите каде што вирусот веќе беше значително проширен, укажуваа на значаен пораст на семејното насилство. Тоа несомнено беше еден од негативните ефекти поврзани со рестриктивните мерки за превенција и заштита од вирусот. Тоа што државите целосно се фокусираа на заштитата од проширувањето на вирусот, неминовно придонесе за занемарување на предизвиците со кои се соочуваат голем број граѓани, кои веќе се наоѓаат во ранлива состојба, како и отежнување на пристапот до одредени услуги. Воедно, пренасочувањето голем број средства кон здравствениот систем беше на сметка на пристапот до одредени права и услуги, кои засегаат бројни маргинализирани групи граѓани.

Се проценува дека во 162 земји биле институционализирани мерките за самоизолација и дистанцирање, со што околу 2,73 милијарди жени во светот морале да ги почитуваат мерките за изолација во домот.[12] Доколку имаме предвид дека и во услови кога не постои криза од овие размери, домот претставува најнебезбедно место за жените (на што укажуваат и статистиките во нашата земја),[13] така што ранливоста на жените во сопственото живеалиште е очекувано зголемена за време на пандемијата.

Рестриктивните мерки кои секојдневно се усвојуваа од страна на Владата на РСМ од почетокот на пандемијата, меѓу кои препораките за самоизолација, иако оценети како најефикасен начин за превенција, сепак претставуваат сериозен фактор за зголемување на ризикот од насилничко однесување во домот. Дополнително, стресот предизвикан со губењето на работните места, затворањето на градинките и училиштата, неизвесната финансиска состојба, постоечките здравствени проблеми, се плодна почва за пораст на насилството во домот. Тоа не мора да значи зголемување на бројот на случаи, туку и опасност од интензивирање на постоечкото насилство. Во земјите од Европската Унија, една од пет жени е жртва на семејно насилство, а ризикот е уште поголем за жените кои живеат во домаќинства кои имаат проблеми со задоволување на основните егзистенцијални потреби.[14]

Хелсиншкиот комитет за човекови права од самиот почеток на пандемијата апелираше до институциите соодветно и навремено да постапуваат на пријави на семејното и родово базираното насилство за да се спречи нивен пораст и фатални последици. Она што беше особено важно во овој период е овозможувањето поддршка и охрабрување на жртвите за да го пријават насилството бидејќи искуството на терен говори дека еден од најсериозните проблеми е токму непријавувањето. Стапката на пријавување на случаите на насилство се движи околу 14 % во Европа,[15] додека во нашата земја само

12 Достапно на: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/justice-for-women-amidst-covid-19.html.

13 Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf.

14 Достапно на: https://eige.europa.eu/news/eu-rights-and-equality-agency-heads-lets-step-our-efforts-end-domestic-violence.

15 Достапно на: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/justice-for-women-amidst-covid-19.html.

2 % од жените кои доживеале насилство од партнер пријавиле во полиција,[16] што е резултат на недовербата во институциите, неказнувањето на насилниците, но и стравот и срамот, па дури и непрепознавање на насилството од страна на самите жртви.

Во однос на сервисите за пријавување семејно насилство, во текот на периодот на изолација жртвите можеа да пријават на Националната бесплатна мобилна СОС линија за жртви на семејно насилство, која обезбедува 24-часовна доверлива информација за заштита на жртвите, достапни услуги и телефонско советување на жртвите, како и во најблиската Полициска станица или надлежниот Центар за социјална работа. Службата за бесплатна правна помош при Хелсиншкиот комитет им беше на располагање на жртвите секој работен ден, со скратено работно време, телефонски, како и преку електронска пошта.

На 9 април 2020 година Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, чија членка е Хелсиншкиот комитет за човекови права, достави Барање за дополнување на одлуката за забрана за движење на граѓаните во целата територија на државата[17] до Владата на РСМ, со цел да се донесат мерки кои ќе се направи исклучок од санкционирање жени-жртви на насилство и нивните деца кои го напуштаат домот поради закана и директен ризик од насилство. Набрзо по доставувањето на барањето, Министерството за внатрешни работи објави соопштение,[18] известувајќи дека жртвите на насилствонепречено ќе можат да се движат до најблиската полициска станица во текот на полицискиот час или, пак, доколку им е потребна здравствена помош, до најблиската

Поради моменталната ситуација со вирусот COVID-19, **повеќето луѓе треба да останат дома.**

За многу жени и деца домот не е безбедно место и претставува **зголемен ризик од интимно- партнерско и семејно насилство.**

Сите имаме обврска да пријавиме доколку имаме сознание дека се случува насилство во нашето опкружување!

Доколку ти и/или твоите деца сте жртви или сте под ризик од семејно насилство побарај помош на овие броеви:

Скопје

Меѓуопштински центар за Социјална работа:

Специјализиран тим за постапување по итни предмети од ранливи категории **076/381-762 и 078/230-943 (работи 24/7)**

Служба за брак и семејство и заштита од семејно насилство - **075/295-118**

Полиција **192**

16 Достапно на: https://www.osce.org/mk/secretariat/424409?download=true.

17 Достапно на: https://mhc.org.mk/news/baranje-do-vlada-na-rsm-za-dopolnuvanje-na-odlukata-za-zabrana-za-dvizhenje-na-graganite-vo-celata-teritorija-na-drzhavata/.

18 Достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/11716?fbclid=IwAR22dRPTvDTbXfoyH_G93_i2vY2104tz0qHkt-1l3qy7-U8A14EZgBFnWK0.

здравствена установа, односно нема да имаат потреба од посебна дозвола за движење за овие потреби.

На 13 април 2020 година Мрежата достави и официјално Барање за изрекување итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба до Владата на РСМ[19] со предлог-мерки со чие донесување би се овозможила соодветна заштита на жртвите на насилство согласно новонастанатите услови. Во барањето конкретно беа посочени ризиците кои се специфични за семејното насилство и содржеше предлог итни мерки за справување со насилството, како и подготовка на системот на заштита за постапување при случаи на семејно насилство по завршување на пандемијата.

За време на вонредната состојба во земјата, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше вкупно пет пријави на семејно насилство што не укажува на постоење тренд на зголемување на случаите. Според статистиките на Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика во нашата земја, нема зголемување на бројот на случаи на семејно насилство во споредба со истиот период лани. На неделно ниво, единствен пораст бил забележан само во првата седмица од месец април, додека во текот на останатите седмици случаите на семејно насилство биле во стагнација.[20] Споредбено со многу земји во Европа, но и на глобално ниво, каде порастот на семејното насилство од самиот почеток на изолацијата достигна над 25 %,[21] имаме причина да веруваме дека податоците го потврдуваат долгогодишниот проблем на непријавување од страна на жртвите, но и несоодветниот начин на евидентирање на кривичните дела и водење на родово разделена статистика. Друга причина за ваквиот број е и несоодветниот начин на квалификација на случаите на семејно насилство кои многу често се третираат како прекршоци против јавниот ред и мир наместо како кривични дела. Во оваа насока говорат и информациите од Министерството за внатрешни работи според кои дел од жртвите кои поднеле пријава до полицијата подоцна ја повлекле, поради што регистрирано е намалување на бројот на кривични дела и прекршоци за семејно насилство во овој период.[22]

Во случаи кога семејното насилство останува непријавено или, пак, релевантните институции на жртвата не ѝ ја обезбедуваат соодветната заштита, се зголемува и веројатноста насилството да ескалира во фемицид. Фемицидот, односно убиството на жена затоа што е жена, како најтешка форма на насилство врз жената, е една од водечките причини за прерана смрт кај жените на глобално ниво. Според истражувањата во нашата земја,[23] во повеќе од 80 % од случаите, убиството се случило во заедничкиот дом или доколку била отпочната постапка за развод, во домот на родителите на жртвата, а во најголем дел од случаите убиството е извршено од страна на сегашен или поранешен партнер. Во изминатиот период, во медиумите излегоа објави за две убиства на жени од страна на интимен партнер, во Арачиново[24] и во Скопје[25]. Имајќи предвид дека во нашата држава фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се квалификува како потежок облик на убиство, кога е сторено при вршење на семејно насилство, останува проблематичен недостигот на статистички податоци за фемицидите, за што најчест извор на неофицијални статистички податоци се известувањата и, како во овој случај, податоците на медиумите.

19 Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Itni-merki-za-zashtita-na-zhenite-i-detsata-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo-vo-kriza.pdf.
20 Достапно на: https://bit.ly/2GQbYLE.
21 Достапно на: https://bit.ly/3hsro6Y.
22 Достапно на: https://bit.ly/2RlCD56.
23 Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf.
24 Достапно на: https://360stepeni.mk/ubistvo-vo-arachinovo-edno-litse-privedeno/.
25 Достапно на: https://bit.ly/2RqqcVy.

Со ратификација на Истанбулската конвенција, Република Северна Македонија ја презеде и обврскатаза криминализирање на секој намерен акт на физичко насилство кон друга личност без оглед на контекстот во кој се случува, а терминот „физичко насилство“ се однесува на повреда на телото како резултат на непосредна и незаконска сила, притоа опфаќајќи го и насилството кое резултира со смрт на жртвата. Нашата држава ја презеде обврската да го усогласи нашето законодавство со оваа конвенција, па пристапи кон подготвување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, во чија подготовка учествуваа и претставници на Хелсиншкиот комитет. Овој Закон беше предвидено дека ќе се донесе до крајот на 2019 година, меѓутоа поради закажување на предвремените парламентарни избори не беше ставен на гласање во Собранието, а со кризата предизвикана од пандемијата неговото донесување дополнително се одолжи.

Во овој период од особена важност беше изнаоѓањето нови и креативни решенија за поддршка и заштита на жртвите, сè со цел спречување на насилството и неговите фатални последици. Имајќи ги предвид ограничените можности за пријавување на семејното насилство во услови кога најголем дел од времето партнерот е во домот, а движењето надвор од домот е сведено на минимум, голем број земји воведоа алтернативни начини на пријавување на семејно насилство, со користење на веќе постоечки алатки, како социјални медиуми, СМС пораки, Whatsapp, но и развивање нови бесплатни апликации, праќање пораки за лоцирање на жртвите преку GPS, како и употреба на тајни шифри при посета на аптеки и продавници.[26]

Министерството за труд и социјална политика со почетокот на периодот на изолација предупреди за ризикот од зголемување на семејно насилство преку споделување на контакти од сервисите за пријавување и поддршка на жртвите, а во текот на месец мај започна и кампања за пријава на семејно насилство во вонредна состојба.[27] Меѓутоа, и покрај доставените предлог-мерки, освен мерката за непречено пријавување за времетраење на полициското час, државата не успеа да имплементира никакви креативни решенија за превенција од насилство, ниту за олеснување на пријавувањето.

Дополнително, на 9 април Владата на РСМ донесе одлука[28] за пренамена на 5 милиони денари од програмата за родова еднаквост на Министерството за труд и социјална политика, наменета за поддршка на граѓанскиот сектор, кој е главен двигател во полето на превенција и заштита од семејно насилство. Имајќи предвид дека токму во овој период од исклучително значење е поддршката на активностите за намалување на негативните последици од кризата врз основните човекови права на жените, ваквите потези укажуваат дека родовата еднаквост не е приоритет во државниот систем.[29]

26 Достапно на: https://bit.ly/2Zwl49X.
27 Достапно на: https://bit.ly/3hu1Vsc.
28 Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите (Службен весник на РСМ бр.97/2020 од 9 април 2020 год.).
29 Достапно на: https://bit.ly/3kgigXz.

РАНЛИВИ ГРУПИ

Лица во социјален ризик

Последните податоци од Државниот завод за статистика од 2018 година прикажуваат дека дури 21, 9% од населението во државата живее во сиромаштија,[30] а Обединетите нации објавија Извештај[31] во кој наведоа дека кризата со коронавирусот годинава може да доведе 34 милиони луѓе низ светот во екстремна сиромаштија. Во настојувањето да ги минимизираат штетите и да им помогнат на загрозените, владите ширум светот се соочија со двоен предизвик: да се справат со епидемијата, но и да преземат соодветни мерки за заштита на најранливите граѓани. Меѓународната организација на трудот во периодот од 1 февруари до 17 април регистрирала 548 донесени мерки за социјална заштита во 108 држави.[32]

Во нашата држава, масовните отпуштања од работа, намалување или неисплата на платите на илјадници работници беа причина голем број домаќинства да останат со драстично помали или без никакви приходи, а оваа криза само дополнително ги зголеми веќе постоечките нееднаквости. Владата на РСМ објави дека за месеците април и мај 2020 година се овозможува брз влез во системот на социјална заштита за домаќинствата кои останале без приходи. Имено, овие лица можеа да го користат правото на гарантирана минимална помош по оценување на нивниот вкупен просечен приход од последниот месец, а не од последните три месеци како што предвидува Законот за социјална заштита. Владата донесе Уредба со која 30.000 корисници на социјална заштита добија дополнителен износ од 1000 денари за покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството за месеците април и мај 2020 година.[33] За корисниците на социјална заштита што остваруваат паричен енергетски додаток за месеците од октомври до март,[34] оваа мерка значеше продолжување на исплатата на овој додаток за дополнителни два месеци.

30 Државен завод за статистика, „Лаекенски индикатори за сиромаштијата во 2018 година - дефинитивни податоци“, достапно на <http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115>.

31 Обединети нации, „КОВИД- 19 ќе го намали светското економско производство за 8,5 трилиони долари во наредните три години“, достапно на: <https://www.un.org/development/desa/en/news/policy/wesp-mid-2020-report.html>.

32 Меѓународна организација на трудот, „Одговори на кризата со КОВИД-19 во областа на социјалната заштита: Одговори на државите и размислувања за политики“, достапно на: <https://www.social-protection.org/gimi/RessourcePDF.action?id=56044>.

33 Влада на Република Северна Македонија, Уредба со законска сила за примената на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/2020).

34 Член 42 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019).

Исто така, престана да важи и условот за потврда за редовност за исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година. Исплатата на образовниот додаток продолжи, во износ од 700 денари по дете во основно образование и 1000 денари по дете во средно образование, а тоа значеше дека околу 17.000 деца продолжија да добиваат образовен додаток.[35]

Државата ги приспособи административните постапки за постоечките корисници на правата од социјална заштита, па меѓу другото, го продолжи рокот за доставувањето на потребната документација, вршењето здравствени прегледи и увидот во домовите на корисниците. Иако овие мерки целеа да им го олеснат остварувањето на правата од социјална заштита на граѓаните во социјален ризик, дел од лицата кои побараа правна помош од Комитетот нè известија дека при обидот да го сторат тоа, наишле на одредени проблеми и неусогласености.

Препораките на граѓаните да останат дома значеа намалено движење што влијаеше и на нивниот пристап до институциите. Голем дел од оние граѓани кои сакаа да ги почитуваат мерките на Владата и да го заштитат јавното здравје, се обидуваа телефонски да ги контактираат центрите за социјална работа, но во најголем дел, тие биле недостапни. Некои од нив решија лично да се обратат до центрите, но притоа наишле на службеници кои воопшто не им пружиле помош во остварување на нивните права.

Сиромашните домаќинства кои живеат во супстандардни услови се во најголем ризик од ширење на коронавирусот, а тоа се должи на ниските или никакви приходи за набавка на средства за одржување лична хигиена и средства за дезинфекција. Дел од нив немаат ниту пристап до вода. Министерството за труд и социјална политика дистрибуираше хигиенски пакети на 400 семејства кои живеат во овие услови и тоа во градовите Пробиштип, Тетово, Скопје, Ресен, Виница, Свети Николе, Крушево, Струга, Гостивар, Крива Паланка, Валандово и Куманово. Меѓу ранливите категории на граѓани се и еднородителските семејства приматели на гарантирана минимална помош во кои во најголем број се жени (95 %), жртвите на семејно насилство, како и оние жртви кои се сместени во згрижувачки центри. Министерството во соработка со UN Women обезбеди 1860 пакети со храна и хигиенски продукти за оваа категорија граѓани.

Третиот пакет економски мерки кој го донесе Владата за помош на сиромашните, младите и домаќинствата со ниски приходи предвидува обезбедување платежни картички во износ од 9000 денари за 100.000 граѓани со цел купување на македонски производи и услуги. Оваа мерка е достапна за сите невработени лица, баратели на работа кои немаат над 15.000 месечни приходи, како и примателите на гарантирана минимална помош. Истата група граѓани од државата добија и ваучери во износ од 6000 денари наменети за туризам. Хелсиншкиот комитет заедно со неколку синдикати и невладини организации реагираше дека предложените мерки не треба да прават разлика меѓу вработените и невработените лица. На многу од вработените лица не им беа исплаќани плати за време на кризава или, пак, им беа исплаќани пониски плати, па тоа што биле формално вработени нема некое големо значење за нив. Беше предложено право на еднократен надоместок од 9000 денари да имаат граѓаните кои во последните 3 месеци во просек имале пониски примања од 15.000

35 Министерство за труд и социјална политика, „Државата се грижи за лицата кои биле дел од неформалната економија и останале без приходи – обезбедува парична помош за домаќинствата и енергетски додаток за корисниците на социјална заштита“, достапно на: <http://mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-drzavata-se-grizi-za-licata-koi-bile-del-od-neformalnata-ekonomija-i-ostanale-bez-prihodi-obezbeduva.nspx>.

денари месечно. Дополнително, користењето на оваа платежна картичка требаше да биде без ограничување на олку краток временски период, односно да важи и откако граѓаните нема да можат да ја користат оваа социјална помош и да им остави простор да си ја испланираат потрошувачката во зависност од своите вистински потреби. Оттука, Хелсиншкиот комитет сметаше дека најсоодветна би била директната финансиска поддршка на погодените граѓанки и граѓани од страна на државата.

Заштита на деца – остварување контакт со родител

Комитетот за правата на децата со загрижување истакна дека во државите кои прогласија вонредна состојба и задолжителен карантин како резултат на ефектите од пандемијата, многу деца (особено оние во ранливи ситуации) се сериозно погодени физички, емоционално и психолошки. Во нашата држава, значаен аспект од кризната ситуација на кој не му се посвети доволно внимание е отежнатото остварување на правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кој не живее. Министерството за труд и социјална политика посочи дека во услови на пандемија кога е доведено во прашање здравјето и животот на луѓето, родителите имаат обврска да се грижат за заштита на здравјето на децата и да го прилагодат движењето на децата согласно препораките на Владата за постапување во услови на вонредна состојба и воведен полициски час. Во овие услови, Министерството упати на заемно договарање помеѓу родителите за начинот на одржување на контактите на децата со родителот со кого не живеат, а притоа децата да не бидат изложени на опасностите од пандемијата. Дополнително, тие информираа дека центрите за социјална работа како надлежни органи се отворени и им се на располагање на родителите за обезбедување на неопходната стручна и советодавна поддршка при договарање на начинот на одржување на односите меѓу родителите и децата.

Случаите во кои центрите за социјална работа одлучувале за одржувањето на лични контакти со родителот со кој детето не живее се оние каде што родителите не успеале да постигнат меѓусебен договор. Оттаму и во одреден дел е неиздржана оваа препорака на Министерството, која ги упатува родителите меѓусебно да се договорат за начинот на видување. За дел од родителите кои се обратија во Хелсиншкиот комитет, ова претставуваше дополнителен предизвик. Поради неможноста за постигнување заемен договор и поради недостапноста на дел од центрите за социјална работа (и покрај заложбата на Министерството за нивна отвореност и достапност за помош), дел од децата подолг период не остварува контакт со едниот родител. На овој начин, надлежните институции потфрлија во својата обврска секогаш да ја имаат предвид заштитата на најдобриот интерес на детето.

Бездомни лица

Европската федерација на национални организации кои работат со бездомни лица укажа на фактот дека бездомните лица се особено ранлива категорија во контекст на пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Тие предупредија дека престојувањето во привремени или итни сместувања (хостели, ноќни засолништа итн.) ги става под голем ризик од заразување со вирусот и го загрозува нивниот пристап до места за одржување лична хигиена. Покрај тоа, бездомните лица се соочуваат со значително посериозни пречки во пристапот до здравствена заштита, вклучувајќи го тука и пристапот до тестирање за присуство на вирусот, како и генерално до информации за заштита на јавното здравје. Во случај на заболување од КОВИД-19, трансмисијата кај оваа категорија луѓе потешко може да се контролира, што значи дека заштитата на бездомните лица е значаен елемент за справување со пошироката здравствена криза. Голем дел од мерките насочени кон општата популација - самоизолација, останување дома, подобрување на личната хигиена, одржување социјално и физичко растојание - не се реални решенија за бездомните лица.[36]

Министерството за труд и социјална политика информираше дека прифатните пунктови во Скопје, Битола, Струмица и Струга, отворени во соработка со Црвениот крст, се функционални и согласно препораките на Владата делат пакувана храна, маски и гелови за дезинфекција за бездомните лица. Министерството информираше дека во Скопје дополнително функционира и медицински пункт во Момин Поток, во организација на Црвениот крст и дека хигиенски производи се дистрибуирани и на бездомните семејства сместени во Визбегово. Сепак, надлежните институции не ја информираа јавноста за целосното справување со проблемите со кои се соочуваат бездомните лица. Изостана информирање за обезбедувањето соодветни услови во кои бездомните лица ќе можат да се грижат за својата лична хигиена. Институциите воопшто не известија за спроведени акции за информирање на бездомните лица за пандемијата и нејзините негативни последици, како и информирање за начинот на кој можат да го заштитат своето јавно здравје.

Доколку не се земат предвид специфичните услови во кои се наоѓаат бездомните лица и не се преземат соодветни мерки кои директно ќе бидат насочени кон нивна заштита, оваа ранлива категорија на граѓани ќе биде изоставена од одговорите на јавните политики за справување со пандемијата.

Стари лица

Ризикот што го носи заразувањето со вирусот, за старите лица, а особено за лицата со нестабилна здравствена состојба, е многу поголем и може полесно да доведе до развивање на болеста и смрт.[37] За високиот ризик од морталитет предизвикан од вирусот кај старите лица говорат статистиките на Светската здравствена организација според кои смртноста од вирусот кај лицата над 80-годишнавозраст

36 Европската федерација на национални организации кои работат со бездомни лица, „КОВИД-19: Останувањето дома не е опција за бездомните лица“, достапно на: <https://www.feantsa.org/en/news/2020/03/18/covid19-staying-home-not-an-option-for-people-experiencing-homelessness?bcParent=26>.

37 Агенција за фундаментални права (ФРА), „Пандемијата предизвикана од Коронавирусот во ЕУ – Импликации за фундаменталните права“, достапно на: <https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2020-coronavirus-pandemic-eu-bulletin_en.pdf>.

е за петпати поголема од „нормалниот" просек.[38]

Во нашата земја, старите лица, особено лицата над 67-годишна возраст, беа едни од најтешко погодените граѓани од здравствените ризици кои ги носи пандемијата, но и од рестриктивните мерки за превенција. Мерките за ограничување на движењето кои беа донесени од страна на Владата на РСМ, кои за оваа група граѓани беа најстроги од самиот почеток, а чија цел беше превенција и заштита како лица во најголем ризик, се покажаа како несоодветни за старите лица. Ова се должи пред сè на краткото време предвидено за извршување на обврските, што само придонесе за поголема концентрација на повеќе лица на местата од интерес, но и поради дополнителната социјална изолација на старите лица, особено за лицата кои живеат сами. Имајќи предвид дека значителен дел од старите лица зависат од поддршката на други лица во извршување обврски и задоволување одредени потреби, дадените препораки за одржување социјално растојание наметнаа значително отежнување на нивното секојдневно функционирање. Како резултат на неможноста целосно да се почитуваат препораките за заштита, се појави и засилено присуство на говор на омраза на социјалните медиуми, каде се објавуваа слики од стари лица кои чекаат влез во банки и продавници, без притоа да ги почитуваат препораките за потребното физичко растојание.

Со Одлука на Владата од 23 март 2020 година се забрани движењето на лицата со возраст над 67 години во временскиот период од 11:00 часот до 5:00 часот наредниот ден.[39] По неколку измени, со последното важечко правило во овој дел се забрани движењето на овие лица од понеделник до петок во периодот од 12:00 до 5:00 часот наредниот ден и од 11:00 часот во сабота до 5:00 часот во понеделник.[40] На 14 мај, Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста на оваа Одлука и го запре преземањето на какви било дејствија врз нејзина основа, при што дозволи лицата постари од 67 години да се движат како и останатите - од 5:00 часот наутро до 19:00 часот попладне. Образложението од Уставниот суд, како што објавија медиумите, е дека мнозинството судии сметале дека мерката е дискриминаторска за двете категории на граѓани,[41] при што дополнително треба да се преиспитува уставноста на Одлуката.

Од почетокот на пандемијата беа активни мобилните тимови на Црвениот крст кои, најпрвин на територијата на Скопје, а подоцна и низ целата земја, обезбедуваа секојдневна поддршка на ранливи целни групи од населението, вклучително и на старите лица. Поддршката на мобилните тимови се состои во извршување неопходни набавки на лекови, прехранбени производи и средства за лична хигиена кои потоа ги доставуваат до домовите на граѓаните. Притоа, услугата на мобилните тимови е бесплатна, додека граѓаните ги плаќаат само артиклите кои им се набавуваат. Дополнително, Министерството за труд и социјална политика обезбеди поддршка во домот за старите лица, наменета за олеснување на секојдневното функционирање, како и асистенција за реализација на итни административни процедури, набавки и друг вид поддршка, со која беше опфатена само една третина од општините во земјава.

38 Обединети нации, „Влијанието на КОВИД-19 врз постарите лица", достапно на: <https://unsdg.un.org/sites/default/files/2020-05/Policy-Brief-The-Impact-of-COVID-19-on-Older-Persons.pdf>.

39 Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/2020).

40 Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/2020).

41 Посебниот режим на движење покрај лицата над 67 години ги опфати и лицата под 18 години.

ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Повеќекратна ранливост

Диспропорционалните ефекти на пандемијата врз одредени групи граѓани беа значително видливи кај лицата со попреченост, како една од најмаргинализираните групи во општеството. И покрај тоа што попреченоста сама по себе не значи дека едно лице е во поголем ризик од заразување со вирусот, голем дел од лицата со попреченост имаат поранлива здравствена состојба која ги става во поголем ризик од самата болест.

Со почетокот на пандемијата, Светската здравствена организација предупреди на зголемениот ризик за лицата со попреченост од заразување со вирусот, што пред сè се должи на постоечките бариери за примена на основните мерки за одржување хигиена, потешкотиите во практикување социјално дистанцирање поради потребата од дополнителна поддршка или живеење во институција, потребата од допирање како начин на примање информации од околината, претходните здравствени проблеми и сл.[42]

Според анализата спроведена од страна на Центарот за истражување и креирање политики,[43] мерките за превенција од вирусот кои се спроведуваат во нашата земја не се прилагодени за дел од лицата со попреченост, особено за лицата кои користат помагала (инвалидска количка, ортопедски чевли и сл.) на чија површина вирусот може да се задржи долго време. Ако имаме предвид дека лицата најчесто располагаат со само едно помагало кое го користат за движење и надвор и во домот, постои голем ризик од пренесување на вирусот и за останатите лица со кои тие го делат домот.

Лицата кои живеат со попреченост генерално имаат поголеми здравствени потреби од останатите луѓе, без разлика дали станува збор за секојдневни потреби или потреби поврзани со попреченоста, што ги прави поранливи во случај на непристапност и/или ограничување на здравствените услуги. Уште на самите почетоци на пандемијата во Европа, Европскиот форум за попреченост[44] ја алармираше Европската Унија за ризиците со кои се соочуваат лицата со попреченост, предизвикани од недостапноста на потребните услугите и поддршка, претходно нарушената здравствена состојба кај голем дел од лицата со попреченост што претставува основа за развивање на болеста и смрт, како и исклученоста од информации поврзани со здравјето.[45]

Доколку имаме предвид дека и во „нормални“ услови лицата со попреченост имаат отежнат пристап до здравствени услуги, образование, вработување, средства за информирање итн., во услови на здравствена криза, пристапот до одредени права за овие лица може да биде значително оневозможен. Така на пример, лицата со попреченост кои се соочиле со потешкотии при влезот на пазарот на трудот пред пандемијата, сега се во многу поголем

42 Достапно на: https://bit.ly/3hoMq4R.
43 Достапно на: https://bit.ly/2FzL4at.
44 European Disability Forum (EDF).
45 Достапно на: https://bit.ly/3mjzaCp.

ризик од губење на работното место, но и потешкотии при враќање на работа. Воедно се проценува дека препораката за работење од дома во нашата земја можат да ја спроведат едвај 1 % од лицата со попреченост вработени во заштитните фирми.[46]

Особено незавидна е ситуацијата во која се наоѓаат лицата со попреченост кои имаат претходна лоша здравствена состојба и/или, пак, живеат во институција, што е показател на слабостите на системот на јавни услуги и нееднаквиот пристап до истите за одредени ранливи категории.[47] Лицата со попреченост кои се сместени во резиденцијални институции најчесто се во близок контакт со голем број луѓе, често живеат во незадоволителни санитарни услови и нивната превенција и заштита целосно зависи од негувателите, односно лицата одговорни за институциите.[48]

Поради отежнатата комуникација и затвореност во домот, ризикот од семејно насилство е значително зголемен во период на криза од овој вид, а воедно се ограничени можностите и расположливите ресурси запријавување. Првичните извештаи за влијанието на пандемијата врз одредени ранливи групи во општеството констатираа дека со рестриктивните мерки дојде до суштинско зголемување на семејното насилство на глобално ниво што, доколку имаме предвид дека децата и лицата со попреченост се во поголем ризик од насилство од своите врсници без попреченост, особено ги погодува жените и девојчињата со попреченост.[49]

Слободно движење

Кај лицата со попреченост, особено кај лицата со интелектуална попреченост и кај лицата со нарушувања од аутистичниот спектар, многу важен сегмент во функционирањето претставува секојдневната рутина. Во услови кога движењето е ограничено временски, но и физички, доаѓа до промена на рутината што кај многу лица со попреченост може да предизвика појава на анксиозност; оттука, оние лица кои се грижат за деца и лица со попреченост се соочија со предизвикот за наоѓање алтернативни начини на секојдневно функционирање и воспоставување нови рутини. Затворањето на дневните центри наметна дополнителен предизвик за лицата со попреченост кои редовно посетувале дневен центар како дел од секојдневното функционирање, но и за лицата кои се грижат за нив, имајќи предвид дека мораат да останат во домот, а со тоа многу често и за сметка на губење на работното место.

Имајќи предвид дека за голем дел од лицата со попреченост движењето претставува терапевтска активност и дел од воспоставена навика, Владата на РСМ донесе уредба со која беше утврден посебен режим на движење за лицата со попреченост за времетраење на полицискиот час.[50] Лицата со попреченост можеа да излегуваат со еден придружник во одредените термини за движење, а за оваа цел не беа задолжени да вадат посебна дозвола за движење, туку единствено со себе да имаат наод или решение со кое се докажува попреченоста.[51]

46 Достапно на: https://bit.ly/2ZxLRzS.
47 Достапно на: https://bit.ly/33xd4E2.
48 Достапно на: https://bit.ly/2Zzc5BX.
49 Достапно на:https://www.un.org/sites/un2.un.org/files/sg_policy_brief_on_persons_with_disabilities_final.pdf.
50 Достапно на: https://vlada.mk/node/20925.
51 Достапно на: https://bit.ly/2FxeG8f.

Помош и поддршка

Рестриктивните мерки, кои првенствено се состоеја во препораките за самоизолација и социјално дистанцирање, за голем дел од лицата со попреченост беше исклучително тешко да ги применуваат, особено имајќи предвид дека значителен дел од нив зависат од поддршката на други лица, некогаш и во извршувањето на основните физиолошки потреби.

Во однос на мерките за поддршка на лицата со попреченост, само 27 општини во земјава беа опфатени со мерката на Министерството за труд и социјална политика за поддршка во домот.[52] Оваа мерка беше наменета за олеснување на секојдневното функционирање на лицата со попреченост, вклучувајќи асистенција за реализација на итни административни процедури, набавки и друг вид на поддршка во согласност со потребите на лицето.

Олеснителна околност претставуваше одлуката на Владата за редуцирање на административните процедури кои се однесуваат на користење одредени права од социјална заштита, при што корисниците не беа задолжени да ја обновуваат потребната документација доколку сакаат да продолжат да користат одредени бенефициии, а за користење одредени услуги, документацијата можеа да ја достават електронски.

(Не)инклузивно образование

Според на податоците на Организацијата на обединети нации, постојат индикации дека моменталната криза сериозно ќе влијае на зголемена ексклузија на децата со попреченост во процесот на образование. Се проценува дека децата со попреченост ќе имаат најмалку корист од примената на алтернативните решенија за учење на далечина, на што се надоврзува недостигот од поддршка во домот, непристапноста до интернет, непостоењето на пристапен софтвер и наставни материјали.[53] Имајќи ги предвид сите овие бариери, постои голем ризик од целосен прекин на образованието кај децата со попреченост во овој период, што дополнително би го отежнало враќањето во образовниот процес и по завршувањето на кризната ситуација. На долг рок, овој јаз во образовниот процес дополнително ќе придонесе за продлабочување и на јазот во учеството на пазарот на трудот, кој за лицата со попреченост веќе е значително голем.

52 Достапно на: https://bit.ly/3bUgUL7.

53 Достапно на: https://bit.ly/3c2Tjb5.

Во нашата земја, децата со посебни образовни потреби, а особено децата со попреченост, со почетокот на пандемијата се соочија со бројни предизвици. Онлајн платформите за учење на далечина, кои го заменија редовното образование, со почетокот на изолацијата ги исклучуваа најголемиот дел од децата со попреченост. Нивното образование во овој период беше целосно препуштено на нивните родители и на волјата на некои од образовните асистенти. По изминат повеќе од еден месец од затворањето на училиштата, дури на крајот на месец април беше промовирана онлајн платформата за учење и развој на децата со попреченост, која треба да обезбеди дополнителна поддршка, индивидуализиран пристап и модифицирани часови за децата да можат да продолжат со образовниот процес и во домашни услови.

Новиот Закон за основно образование беше донесен во август 2019 година и започна со примена веднаш во септември, со започнување на новата учебна 2019/2020 година, со кој основното образование беше институционално, кадровски и содржински организирано да овозможи инклузија на сите деца во редовното образование. Меѓутоа, во пресрет сме и на нова учебна година, а сè уште не се донесени подзаконските акти кои требаше да обезбедат соодветна имплементација на Законот и инклузија на децата со посебни образовни потреби во образовниот процес од секој аспект, а особено да ги отстранат бројните недостатоци за кои неколку пати алармираше и Хелсиншкиот комитет уште од самиот почеток на неговата имплементација.

ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА

Затворите претставуваат средини со висок ризик од пренос на заразни болести. Со оглед на тоа што самото секојдневие во затвор во најголем дел вклучува движење на неговата популација во помали или поголеми групи, и тоа најчесто во услови со лоша хигиена, како и континуирано отежнатиот пристап до соодветна здравствена заштита, ги става лицата лишени од слобода во особено ранлива положба за време на оваа глобална пандемија.

Со прогласувањето вонредна состојба и стапувањето на сила на посебните мерки за заштита и превенција од КОВИД-19, казнено-поправните установи посегнаа кон ограничување, односно забрана на посетите и поволностите на лицата лишени од слобода. Ваквото постапување на установите се чини дека стана премолчана пракса на државите генерално, па во таа насока и Агенцијата за фундаментални права (ФРА) во својот извештај

наведува дека „мнозинството од државите-членки на Европската унија усвоија мерки во март 2020 година со кои привремено ги забрануваат или најмалку ги ограничуваат посетите во затворите.“[54]

На 15 март 2020 година, Светската здравствена организација (СЗО) го објави својот документ насловен „Подготвеност, превенција и контрола на КОВИД-19 во затворите и другите установи за лица лишени од слобода - Привремени насоки“ чија цел е да „им помогне на земјите да изготват посебни планови и/или осмислат дополнителни активности за затворите и другите установи за лица лишени од слобода, како одговор на меѓународната епидемија на КОВИД-19“[55]. Кога станува збор за разгледување на мерките за ограничување на пристапот и ограничување на движењето, се потенцира дека „привременото прекинување на посетите во затворот ќе треба внимателно да се разгледа во согласност со локалните проценки на ризикот и во соработка со колегите за јавно здравје и треба да вклучува мерки за ублажување на веројатното негативно влијание на таквата мерка врз затворската популација.“[56]

Во однос на малолетниците лишени од слобода, Комитетот за правата на детето при Обединетите нации ги повика државите да имаат предвид дека „додека овие рестриктивни мерки можат да се сметаат како неопходни на краток рок, на подолги периоди тие ќе имаат изразен негативен ефект врз децата. На децата во секое време треба да им се дозволи редовно да одржуваат контакт со своите семејства, и ако не лично, преку електронска комуникација или телефон. Доколку периодот на вонредна состојба е продолжен, треба да се има предвид повторна проценка на мерките што забрануваат посети.“[57]

Хелсиншкиот комитет за човекови права побара информации кои алтернативни начини на комуникација со надворешниот свет им се понудени на лицата лишени од слобода од сите казнено-поправни установи во државата, но до моментот на објавување на овој извештај, сè уште нема пристигнат одговор. Единствено КПУ Затвор Скопје во поединечен одговор извести дека посетите на притворените лица се одвиваат поединечно и бесконтактно во просторијата за посети на притворени лица, а по секоја посета се врши дезинфекција на просторијата. Додека, пак, посетите на осудените лица се забранети, а за комуникација со надворешниот свет обезбедени се два мобилни телефони до кои осудените лица имаат пристап по потреба.

На 8 април 2020 година во КПУ Затвор Скопје почина притворено лице, а по извршената обдукција било утврдено дека бил позитивен на коронавирусот. Според информациите добиени од Министерството за здравство, во затворот било извршено тестирање на сите вработени лица и лица лишени од слобода, а резултатите на сите тестови се негативни.

54 Fundamental rights agency (FRA), Coronavirus pandemic in the EU- fundamental rights implications - https://fra.europa.eu/en/publication/2020/covid19-rights-impact-april-1

55 Ibid.

56 Ibid.

57 Committee on the Rights of the Child (CRC), Statement: The Committee on the Rights of the Child warns of the grave physical, emotional and psychological effect of the COVID-19 pandemic on children and calls on States to protect the rights of

Затвор Куманово

До Хелсиншкиот комитет пристигна претставка од осудени лица кои издржуваат казна затвор во КПУ Затвор Куманово, кои што наведоа дека во установата не им е обезбедена вода за пиење, ниту, пак, вода за одржување на личната хигиена. Проблемот со водоснабдувањето во КПУ Затвор Куманово беше забележан и при посетата на претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права на установата на 5 април 2019 година. Во таа прилика, директорот на установата информираше дека во соработка со општествено одговорна компанија во регионот, проблемот со водоснабдувањето во затворот е привремено решен, на начин што е направена подводна мрежа. Но, во разговор со некои од затворениците, пак, беше наведено дека вода во затворот воопшто нема, а во сите соби во затворот беа забележани голем број пластични шишиња со вода. Воедно беа забележани и празни шишиња сместени во отворите од тоалетите во сместувачките простории, со цел да се спречи миризбата. На 19.09.2019 година беше спроведена дополнителна посета на КПУ Затвор Куманово, каде што повторно во разговор со осудените лица беше наведено дека сè уште нема воопшто вода, односно дека осудените лица полнат шишиња вода од притворското одделение на установата кое се наоѓа на приземје, по претходно добиена дозвола од затворската полиција. Според насоките на Комитетот за превенција од тортура (КПТ), за сите органи под чија надлежност спаѓаат лицата лишени од слобода, на територијата која ја опфаќа Советот на Европа, „преземањето на сите возможни мерки за заштита на здравјето и безбедноста на сите лица лишени од слобода мора да биде основен принцип. Преземањето на овие мерки исто придонесува кон зачувување на здравјето и безбедноста на вработените во овие установи. Насоките на СЗО за заштита од пандемија, како и националните здравствени и клинички насоки кои се во согласност со меѓународните стандарди, мора да бидат испочитувани и целосно имплементирани во сите затворени институции."[58] Хелсиншкиот комитет до Управата за извршување на санкциите достави барање за спроведување вонреден надзор во затворот. Со надзорот се бара да се утврди дали на осудените лица кои се странски државјани им се обезбедени соодветни услови за живот и одржување хигиена, имајќи ги предвид наводите на оваа претставка и кои мерки се преземени од страна на установата во услови на проблеми со водоснабдување за заштита на здравјето и безбедноста на сите осудени и притворени лица и вработени во КПУ Затвор Куманово.

Во соработка со Македонското здружение на млади правници, до надлежните институции беа поднесени заеднички препораки за спроведување засилени мерки за заштита на лицата кои се лишени од слобода во услови на пандемија со вирусот КОВИД-19. Препораките се генерално во насока на превенција со предлози за намалување на бројот на лица лишени од слобода (преку користење алтернативни мерки и пробација-условен отпуст и сл.) како и преземање мерки со кои ќе се гарантира заштитата на човековите права и човековото достоинство на лицата лишени од слобода и во услови на пандемија.

children - https://tbinternet.ohchr.org/Treaties/CRC/Shared%20Documents/1_Global/INT_CRC_STA_9095_E.pdf

58 European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT), Statement of principles relating to the treatment of persons deprived of their liberty in the context of the coronavirus disease (COVID-19) pandemic - https://www.coe.int/en/web/cpt/-/covid-19-council-of-europe-anti-torture-committee-issues-statement-of-principles-relating-to-the-treatment-of-persons-deprived-of-their-liberty-



ЛГБТИ ЗАЕДНИЦА

Со прогласувањето на вонредната состојба и воведувањето на првите мерки веќе можеше да се процени какви промени ќе се случат во секојдневното функционирање на луѓето. Тоа воедно беше и најава за последиците кои оваа криза ќе ги предизвика во животот на најмаргинализираните. Мерките стануваа построги, а со тоа и последиците врз општеството и врз луѓето стануваа поизразени. Насоките за заштита, кои првично се однесуваа пред сè на физичко дистанцирање и самоизолација, подоцна прерасна во построги мерки кои водеа кон присилена самоизолација, со построг и зголемен полициски час. Во вакви услови, најранливи се оние кои се на маргините, оние кои немаат привилегирана општествена положба и со тоа се најмногу погодени од сите мерки и настани. Она што е важно да се потенцира во овој контекст е дека отсуството на поддршка, отсуството на насочени мерки и мерки кои не изоставуваат никого, често може да имаат длабоки и трајни последици врз животот на најранливите.

Условите на самоизолација и долгите полициски часови се предизвик за ЛГБТИ луѓето, особено за оние луѓе за кои „да се биде тоа што сум“ најчесто значи да се биде надвор од домот. Во криза како оваа, кога има полициски час и други активни мерки, овие луѓе најголемиот дел од денот го поминуваат во домот, кој често може да биде средина во која тие не се отворени, не се поддржани и прифатени, а во најлош случај може да бидат изложени и на насилство поради неприфаќање од страна на членовите на семејството. Во услови на строг полициски час, кој во некои викенди траеше и до 82 часа, се зголемува ризикот од сериозно оштетување и последици врз менталното здравје на овие луѓе и изложеност на продолжено психичко и физичко насилство.

Предрасудите, хомофобијата и трансфобијата кои владеат меѓу голем дел од општата популација, ги туркаат ЛГБТИ луѓето уште подлабоко на маргините. Од овие причини заедницата се соочува со дискриминација уште од најрана возраст во образовниот процес и често прерано го напуштаат школувањето. Тоа подоцна се рефлектира и во ограничување на можноста за вработување и дискриминација на работно место, што е особено изразено кај трансродовите луѓе. Од овие причини, најголемиот дел од нив се невработени, работат работи кои се малку платени или хонорарни и со тоа живеат прилично несигурно и неизвесно. Дополнителни потешкотии се јавуваат и во процесот на наоѓање живеалиште, во процесот на добивање услуги и сервиси каде повторно се дискриминирани поради сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет и изразување, како и во процесот на заштита од повреда и прекршување на права или заштита од насилство.

СИГУРНА КУЌА
SHTËPIA E SIGURTË
SAFE HOUSE

Општествената положба и статус се тесно врзани со степенот на последици кои кризната состојба ќе ги има врз конкретната група. Оваа пандемија донесе сериозни последици врз економијата, а со тоа и врз животниот стандард на луѓето. Кризата резултираше со масовни отпуштања на работници/чки, а со тоа губење на основните приходи за голем дел од луѓето и продлабочување на нискиот стандард и сиромаштијата.

Со губење на работните места и основниот приход, голем дел од луѓето се доведоа на работ на сиромаштија, а за ЛГБТИ луѓето во голема мера ова значи и враќање во домот каде се осудувани и неприфатени или барање на засолниште и поддршка од сервиси обезбедени од невладините организации. Дополнително, тешките услови за живеење, кои оваа криза ги наметна за ранливите заедници, тесно се поврзани со последиците врз нивното ментално и физичко здравје. Животот во време на пандемија, која секојдневно носи зголемување на бројот на заболени и починати, а истовремено носи зајакнати мерки за дистанцирање и самоизолација заради превенција од ширење на вирусот, сериозно може да го погоди физичкото и ментално здравје на луѓето, посебно на оние чие здравје е и онака кревко.

Достапноста на психолошкото советување обезбедено од страна на државата е ограничено и е тесно врзано со здравственото осигурување врз основ на вработување. Системот преку кој се обезбедува психолошко советување е поставен на начин што најпрво потребата за психолошко советување се оценува од страна на матичен лекар, кој доколку процени дека има потреба од посета на психолог, издава упат преку системот „Мој термин", за подоцна врз основа на овој упат лицето да добие можност да посети психолог. Она што е проблематично во овој систем е тоа што во пракса матичните лекари многу ретко проценуваат дека на едно лице му е потребно психолошко советување, па неретко наместо

советување препишуваат апчиња за смирување како решение. Понатаму, она што дополнително го отежнува пристапот до потребната психолошка поддршка е фактот што системот на закажување термини е преоптоварен, бројот на психолози недоволен, а со тоа и времето на чекање долго. Кога на сето ова ќе се додаде и фактот што кога лицето конечно ќе дојде до закажаниот термин, обезбеден му е ограничен број средби со психологот на товар на државниот фонд и фактот што во државата постојат многу малку психолози кои се сензибилизирани и обучени да работат со луѓе од ЛГБТИ заедницата, очигледно е колку оваа државна поддршка е ефикасна и ефективна.

Дополнително, државата нема обезбедено сервис за поддршка за луѓето од заедницата кои се под ризик од бездомништво и кои се жртви на насилство поради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет и досега ваква поддршка е обезбедена од страна на Министерството за труд и социјална политика единствено преку партиципативно покривање на дел од трошоците за згрижувачки центар – Сигурна куќа за ЛГБТИ луѓе отворена и водена од страна ЛГБТИ Центарот за поддршка. За жал, со избивањето на кризата, продолжувањето на оваа поддршка стана неизвесно бидејќи сите одлуки на Министерството во моментот се одложени.

Во моментов невладините организации ги користат своите ограничени капацитети да ги минимизираат последиците од оваа криза врз ЛГБТИ луѓето преку обезбедување сместување во Сигурната куќа, собирање донации, обезбедување психолошко советување волонтерски или преку репрограмирање на постоечките програми, обезбедување бесплатна правна помош и користење на социјалните медиуми и платформи за онлајн поддршка и социјализација.

Хелсиншки комитет за човекови права и ЛГБТИ Центар за поддршка

Бесплатна правна помош за ЛГБТИ луѓе во сите области (дискриминација врз основа на СОРИ, говор и дела од омраза врз основа на СОРИ, родово-базирано насилство, работнички права).

Едукација и подигнување на капацитетите на ЛГБТИ млади и нивните поддржувачи преку **онлајн тренинг за човекови права, застапување и креативен активизам** кој ќе се одржи во периодот од 18 до 22 мај.

Поддршка на иницијативи во областа на ЛГБТИ/квир културата преку **втор циклус на мали грантови во областа на ЛГБТИ културата и уметноста**. Повикот ќе биде отворен за сите млади луѓе од 18 до 30 години и ќе биде објавен на 1 мај.

Веб: http://lgbti.mk/ и https://mhc.org.mk/
Е-пошта: info@lgbt.mk
Телефон: +389 (0)2 3119 073, 072/
278-436, за време на пандемијата секој работен ден
од 09.00 – 14.00 часот

ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија

Воведувањето вонредна состојба, полициски час, како и сите заштитни мерки за спречување и заштита од ширење на вирусот на целата територија на државата, значеше и зголемување на надлежностите и овластувањата на полициските службеници. Овие околности доведоа до селективност во постапувањето на полицијата, односно селективност во казнувањето на граѓаните кои не ги почитуваа мерките на Владата. Така на пример, непостапување на полицијата беше забележано во месец мај кога на територијата на општина Струга беше организирана верска литија со присуство на над 300 граѓани без почитување на мерките на Владата. Овој настан значително го загрози јавното здравје, а по неговото одржување беше забележано и зголемување на бројот на заболени лица на оваа територија. Полицијата не ја спречила оваа литија поради страв од жестоки реакции на верниците присутни на настанот. Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да утврди одговорност кај полициските службеници инволвирани во овој случај, а Основното јавно обвинителство за овој настан отвори предмет по допрен глас.

Неколку седмици, пак, претходно, на социјалните мрежи вирално се ширеше видеоснимка од полициски службеници кои без заштитни маски приведуваат момче со својот миленик, кое било затекнато надвор додека траело ограничувањето на движењето на граѓаните. Покрај овој случај, беа регистрирани и многу други случаи кога граѓаните поради оправдани причини беа затекнати надвор од своите домови за време на полициски час, но од страна на полицијата им беа поведени кривични постапки, чии исход секогаш беше издавање на казнен налог во износ од 2000 евра. Од она што го регистрираше Хелсиншкиот комитет, беше осудено и казнето хронично болно лице кое боледува од астма, кое за време на полициски час се упатило кон домот на својата сестра за да прибави лек за својата болест, лице кое на враќање кон својот дом било затекнато дваесетина минути по почнувањето на полицискиот час, а се враќало од домот на својата болна баба за која се грижело, вработена во Армијата на Република Северна Македонија, која задоцнила по завршување на нејзиното работно време, а нејзиното работно место било надвор од нејзиното место на живеење итн. Сите овие лица беа казнети со по 2000 евра, а во ниту еден случај не претставуваа опасност, ниту, пак, го загрозија јавното здравје. Оттука, евидентно е дека полицијата воопшто не ги зела предвид околностите и причините поради кои овие лица не ги почитувале мерките на Владата. Дополнително, чести беа и пријавите од граѓаните, но и натписите на медиумите, за затекнати униформирани полициски службеници кои не ги почитуваат мерките на Владата, како на пример нивно присуство на организирани свадбени прослави што предизвика силен револт кај јавноста и отвори сомнеж дека овие службеници ќе одговараат за своите постапки.

Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Владата донесе низа мерки со цел да се минимизираат негативните последици кои вонредната состојба би можела да ги предизвика врз работодавачите и работниците. Сепак, некои работодавачи, злоупотребувајќи ја вонредната состојба, почнаа масовно да им ги откажуваат договорите за вработување на цели групи работници, а онаму каде што можеа, влијаеа врз нив за спогодбено престанување на работниот однос или, пак, на работниците не им ги продолжуваа договорите за вработување склучени на определено работно време. Во овие исклучително тешки и непредвидливи времиња, започна и борбата за егзистенција на онаа група работници кои без разлика по кој основ ги загубија работните места и останаа без плата. Поради ова, тие се осврнаа кон користење на правата од осигурување кои им следуваат во случај на невработеност.

Случаите во кои работниците остануваа без работа поради принудно спогодбено престанување на работниот однос или, пак, со непродолжување на договорите за вработување на определено време, секојдневно се зголемуваше. Постојното законско решение не предвидува остварување на правото на паричен надоместок во случај на невработеност на оваа категорија работници поради што Владата во третиот пакет економски мерки, донесе мерка „Паричен надоместок за сите лица кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020“.

Дел од работниците кои побараа правна помош од Хелсиншкиот комитет, нè известија дека при обидот да го остварат паричниот надоместок во случај на невработеност, согласно Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, како и согласно мерката од третиот пакет на економски мерки на Владата, наишле на одредени проблеми и неусогласености. Имено, беше забележано дека центрите за вработување од различни подрачја во државата имаат различна пракса во одлучување по вакви предмети. Поради ова, Хелсиншкиот комитет поднесе барање со предлог до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да разработи, донесе и да објави конкретни насоки за спроведување на сите донесени владини мерки кои ги засегаат граѓаните за чии права одлучува Агенцијата, но повратен одговор не добивме.

Управа за извршување на санкциите

Прогласувањето пандемија на зараза од КОВИД-19 неминовно имаше големо влијание врз начинот на управување со пенетенцијарниот систем. На идентичен начин, како и во повеќето земји во Европа и регионот, дел од правата и погодностите кои претходно ги уживале лицата лишени од слобода беа ограничени. Оттаму, контактите со надворешниот свет, поточно посетите и користењето на погодностите кои предвидуваат излез или отсуство од установата во одреден период беа целосно укинати. Хелсиншкиот комитет побара информации за алтернативните начини на кои овие права и погодности се компензираат, но освен поединечен одговор од КПУ Затвор Скопје, до моментот на објавување на овој извештај не добивме никаков одговор. Дополнително, во однос на состојбата со КПУ Затвор Куманово, каде што осудени лица се пожалија на недостиг на вода за одржување хигиена, не е добиено никакво известување во однос на барањето за вонреден надзор кој беше испратен од страна на Хелсиншкиот комитет.

Во периодот на кој се однесува овој извештај, не беа дозволени мониторинг посети во казнено-поправните установи. Тргнувајќи од принципот на „непредизвикување штета“ (do no harm), Комитетот за превенција од тортура во мислењето за третманот на лицата лишени од слобода потсетува на тоа дека „мониторингот којшто го вршат независни тела, вклучувајќи го Националниот превентивен механизам (НПМ) и КПТ и понатаму е основен механизам за заштита против нехуман третман“. Оттаму, КПТ упатува на тоа дека „државите треба и понатаму да гарантираат пристап на сите тела за мониторинг во сите места каде што се сместени лица лишени од слобода, вклучувајќи ги и местата каде што се сместени лица во карантин. Сите мониторинг тела треба да ги преземат сите мерки на претпазливост, со цел да се придржуваат кон принципот ‚непредизвикување штета‘, особено кога работат со постари лица и лица кои имаат постоечки здравствени проблеми“.